ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ
НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Ул. Ленинова број 1-1/4, П. Фах 13,
2220 Свети Николе, Македонија
+389 32 444 620
info@womsvetinikole.org.mk

До: Сузана Нушева (ракководител на одд.за финансиски прашања)
Ивица Арсов (раководител на ЛЕР)
Ивана Димитрова (советник за социјална заштита и заштита на деца)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
- ГРАДОНАЧАЛНИК -

| ПРИМЕНО: 22.10.2024 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број | Прилог | Вредност |
| 0903 - 60/59 | | | |

Здружение Организација на жените на општина Свети Николе - Свети Николе
Бр. 03-13/09
22/10/ 2024 год.
Свети Николе

Почитувани,

Врз основа на направената анализа за потребите и проблемите на жените заболени и оперирани од рак на дојка/матка и добиените заклучоци од истражувањето направено минатата година во градот и руралните средини во општина Свети Николе, се направени препораки кои заедно со ова барање и со анализата од истражувањето, Ви ги доставуваме на разгледување заради прифаќање на истите.

Како граѓанско здружение кое 24 години работи на превенција и едукација за малигни болести, посебно со застапувања на интересите на заболените и лекувани жени од рак на дојка/матка, како и со континуирано реализирање на активности за оваа целна група, а како дел од здравствена програма, ги застапуваме интересите на жените болни од рак на дојка и жените кои живеат со лица заболени од рак на дојка со барање за прифаќање на овие препораки, кои Ви ги доставуваме во прилог на нашето барање.

Врз основа на нашите предходно реализирани разговори со Вас за предложените препораки, во тек на овој месец-Октомври (месец за подигање на свеста за превенција и борба против ракот на дојка), бараме од Вас како раководни лица: на одделението за финансиски прашања и ЛЕР и советник за социјална заштита, лица инволвирани во креирање на програма/програмска имплементација за социјалната заштита на оваа маргинализирана група жени, да ги разгледате нашите барања дадени како препораки и дадете Ваше писмено изјаснување по однос на истите.

Однапред Ви благодариме за Вашата подршка и се надеваме на позитивен одговор по однос на нашето барање.

Со почит,
Организација на жените на општина Свети Николе
Претседателка
Даниела Панева

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ